Претходно соопштение
**UDC 398(=163.3)**

# УБАВИНАТА НА МАКЕДОНИЈА ВО СВЕСТА НА МАКЕДОНЦИТЕ - ПО ПРИМЕРИ НА НАРОДНАТА ТРАДИЦИЈА

**Танас Вражиновски**
*Универзитет „Свети Кирил и Методиј", Македонија*

The natural beauties with which Macedonia as a country is embellished are irresistible. It is what influences people's conscience in many ways. In the nature of human soul and man's existence, the basic need for beauty is deep-seated as well as the need for creations with which beauty is noblefied. Thus, Macedonian folk genius couldn't encircle this basic need and so he incorporated it in his work. It is without doubt an indication of the unrestricted possibilities of the Macedonian word. Love your country, love all the beauties that nature gave you and which Macedonian man has created throughout the centuries. It is a simple and noble message. We are compelled to honor and cherish it.

Убавината на Македонија која живее во свеста на македонскиот човек, во нашиов прилог, ја откриваме преку примери од народните песни и преданија, кои изобилуваат со елементи во кои се воспевуваат прекрасните македонски планини, езера, реки, полиња и сл. кои кај него предизвикуваат чувства на убавина и на естетско доживување. Ваквите чувства се облагодаруваат и со дела кои во наследство на нашиот народ ги оставил чочечкиот ум и човечките раце.

Убавина, езера, реки, планини, манастири, цркви, народно творештво.

Македонското народно творештво изобилува со примери во кои се воспеваат природните убавини на Македонија. Со нивно посредство низ изминатите векови македонскиот народ, меѓу другото, ја градел свеста за убавината, ги овековечил своите погледи кон убавото и чувството кон естетското доживување на својата татковина, создавајќи свој естетски идеал. Недвосмислено, тој покажал дека има изострен вкус во откривањето и прикажувањето на убавото, а со тоа и својата приврзаност, љубов и почит кон татковината, како нешто свето и достоинствено.

Љубовта и восхитот, поврзани со емоционалната осетливост, претопени во едно возвишено естетско чувство носат во себе посебна содржина и посебни димензии на прифаќањето на убавото. Убавината на природата добива особено естетско доживување кога таа е збогатена со дела на човековата дејност. Таа тогаш се здобива со елементи на културно, духовно и патриотско чувтство. Визуелната средба со природните убавини збогатени со уметничките вредности се надградува во една хармонија на природата и делото на човековиот ум кој во суштина е творечки и уредувачки. Таа испреплетеност овозможува полно и совршено естетско доживување.

Во нашиот труд, ќе се задржиме на оние убавини на македонската земја, кои предизвикуваат чувство на убавина од два аспекти: прво, реалната природна убавина, испреплетена со прекрасните дела изградени од човекот, кои на свој начин овозможуваат збогатено естетско доживување, и второ насладата која ја доживува читателот, читајќи ги прекрасните описи или настани сврзани со дадениот објект или локалитет. Во врска со тоа, материјалот го групиравме во две групи: прво, природни убавини - убавини што ги пружат македонските планини, езера, реки и сл., и второ, убавини, дела на човековата дејност од сакрален карактер.

I. Планината во народната традиција.

*1. Митската димензија на планината.*

Планината секогаш оставала длабок впечаток врз човекот. Таа од најстарите времиња поради својата конфигурација станала израз на божественост, поим за висока власт и почит. Во согласност со некои современи македонски верувања, преданија и легенди, во планините продолжува да се одзива ехото на паганската многубожечка религија. Високо во мариовската планина Перун, живее божеството Перун во придружба на божествата Дабог и Морена. Во непосредна близина на Перун планина се наоѓа врвот Трибор, кој најверојатно е поврзан со името на божеството Трибор. Топонимот Перун се појавува низ повеќе места во Македонија (Вражиновски, 1998: 22). Исто така, се среќава и топонимот Велес, сврзан со паганското словенско божество Велес, односно Волос (на истото место: 27-28). Повеќе истражувачи сметаат дека топономастиката се јавува како важна дисциплина која помага во реконструкцијата на митолошкиот систем.

Како одглас на паганските верувања, во македонските планини сè до денешен ден се кријат таканаречените свети шумички или свети дрвја кои во минатото, на Словените им служиле како места каде што се одвивале молитвени дејствија. Многу често во верувањата се појавуваат и култните камења, расфрлани низ планините. Светите

шумички и култните камења во народната традиција се познати како вакавски места, каде што постои забрана на сечење дрвја, обично дабови или земање камења за било каква намена. Според верувањата и преданијата, непочитувањето на оваа забрана предизвикува несреќа. Познати се и верувањата и преданијата за светите, односно исцелителските води, кои му носат здравје на човекот. Во недостапните планини кои се затвораат и отвораат се крие изворот на бесмрната вода, чувана од џинови, кон која се стремаат да дојдат јунаците од волшебните приказни, како и Александар Македонски според некои македонски преданија (Вражиновски, 1992: 21-22). Функциите на светите места во нашата современост добиваат нови форми на живеење, испреплетени со паганско-христијанската содржина.

2. *Демонска димензија на планините.*

Планините обично ги населуваат некои демони, а во прв ред, самовилите и змевовите. Читајќи ги преданијата, приказните, песните и сл., насладата од убавината на планината добива зголемени чувства на нејзино доживување со посредство на волшебните планински извори и малите езерца кои се наоѓаат високо во нивните пазуви. И тука се појавува едно спојување на убавината на природата, со убавината на некои натприродни суштества, на пример, самовилите, кои доаѓаат до контакти со исто толку убавите овчари, кои со своето свирење на кавал ги маѓепсуваат и ги замајуваат, додека голи го играат своето самовилско оро (Вражиновски, 1986: 41-46). На таков начин се случува една извонредна композиција: прекрасната природа, волшебната убавина на самовилите и на човекот, придружена и оплеменета со волшебната музика на овчарот и вонземското оро на самовилите.

Планината е благородна, весела и радосна, но исто така, таа знае да биде и тажна и нерасположена, па јунакот ќе ја праша:

- Слушај, горо зелена!
Шчо не си толку весела,
како си толку зелена,
ушче да имаш вода студена,
како тебе не ќе има друга (Пенушлиски, 1983: 117).

Одговорот следува: самовилите изворите ги затвориле. Во повеќе народни песни има една поврзувачка симболика: планина - вода. Јунакот над јунаците Марко Крале, ќе ги ослободи заклучените извори и водата повторно ќе протече. Планината си го враќа својот сјај и

животност, а јунакот слободно ќе си ја смири жедта. Планината си го враќа својот сјај и животност, а јунакот слободно ќе си ја смири својата жед и жедта на населението. И планината и планинските води се извори на живот.

А пак, змевовите ги грабат најубавите девојки и ги носат во своите паланински живеалишта (Вражиновски, 1986: 195-202).

*3. Библиско-религиозна содржина на планините.*

Според некои други легенди, планините ја носат во себе убавината што произлегува од Библијата. Нивните имиња се од библиско потекло. Дедото Ное за време на потопот со својот брод се нашол на македонска земја и им ги дал имињата на планиниве: Шар, Кораб, Песјак, Лубен, Бистра, Крчин, Пелистер (Цепенков, 1972: 190-191).

Низ планините и полињата на Македонија, чекорел Христос и апостолот Павле со другите христијански апостоли. Во едно предание, Ристос минувајќи низ некои нејзини делови именувал градови и села и ја одредувал нивната судбина. И така имињата на градовите Битола и Ресен, како и некои планински селски населби произлегле од него (Вражиновски, 1995: 21-22). Христовата мајка, св. Богородица зазема видно место во народното творештво. Таа во едно предание, држејќи го в раце својот син, застанала на Златоврв планина да гради манастир (Пенушлиски, 1968: 203). Манастири и цркви градат св. Илија (Вражиновски, 1970: 44-46) и св. Никола (Михайлов, 1924: п. 40) и други светци, со религиозна намена, а во некои случаи и за да го заштитат православното население од потурчување. Во планините се подвизувале познатите пустиножители св. Јоаким Осоговски, св. Гаврил Лесновски и св. Прохор Пчињски (Вражиновски, 1996: 173-179).

Може да се констатира дека планините во македонското народно творештво се митологизирани, тие носат библиска односно религиозна смисла.

*4. Релација: планина - човек.*

Во народното творештво планините се карактеризираат со повеќе атрибути, преку кои доаѓаат до израз поетските дарби на народот, содржани во прекрасните зборови, во блескави слики и украси. Тие ја облагодаруваат човечката душа, на која ѝ даваат чистота и топлина. Го привлекуваат кон себе со својата свежина и богатство на многубројните ливади претворени во чудесни килими, кои може да ги исплете само природата. Планините напролет добиваат ново руво:

Како ми дојде Ѓурѓовден,
сама се гора облекла:
сè во зелена долама,

сѐ во зелено кадифе (Миладиновци, 1983: 361).

Според тоа, еден од основните атрибути на планините е *зелената боја*. Зелениот раскош на планините е израз на барање и негување на убавината во животот и во љубовта. Планините се *високи,* а на нив се шири „рамна рудина”, а на таа рудина се наоѓа постела на љубовта:

На рид имат до три бели снега,
еден лански, другиј олумлански,
овој третиј, леле, годинашни;
а на среде малку раскопнато,
и на раскопнато постела послана,
на постела лудо и девојка...(Шапкарев, 1891-1893: 1109).

Параболата на ридот и снегот претставува ретка имагинација која создала чиста, поетска проекција на љубовта сред белината и тишината на природата. Со доаѓањето на пролетта планините низ целата наша татковина се разигрувaат и стануваат сѐ повпечатливи и привлечни, добиваат разнобоен изглед. Се чувствува прекрасниот мирис на пролетта, која го зашеметува човекот.

Дојде време, дојде коа,
да расцути трендафило,
да смириса сета земја,
сета земја Румелиска:
од Битољско до Прилепсло,
од Прилепско до Велешко,
од Велешко до Солунско (Наневски, 1971: 54).

Тогаш долетуваат птиците и со нивната музика им носат убавина на човекот:

Коледица, варварица,
сива, сива гулабица,
долетала од планина
и донесла убавина (Пенушлиски, 1983: 213).

Од планините доаѓаат, исто така, добри и весели вести за селаните. Тие белеат од стада со овци и со кози.

.... од твоето бело стадо,

сиве овци с изјагниле,
со јагнина калешати,
сите кози с искозиле,
со јарина брнушати; (на истото место: 218).

за на крајот да му порачат: „Весели се, домакине!"

Девојките - биљарки собираат билки, а заљубениот јунак на својата избраница од планина ѝ носи китка планинско цвеќе:

Лудо идет од гората,
младо идет од гората,
в р'це носе до две китки,
до две китки теменушки (Миладиновци, 1983: п. 597).

*5. Од планината кон морето:*

Од планините извираат многу македонски реки, од кои повеќето се влеваат во Вардар, единствената река која ја поврзува денешна Република Македонија со морето и ја разубавува Македонија: „од извора дур до Солуна", како што вели народната песна. Реките ги оплодуваат полињата, на кои селаните ја обработуваат во пот својата земја. На Вардар пак:

Сокол пие вода на Вардаре,
на глава му бел трендафил ц'фти,
крилја му се сребро до рамена,
нозе му се злато до колена! (Шапкарев, II 1891-1893: 64).

Несекојдневен спој на зборови, прекрасна егзотична слика, која сорджи еротска мисла во восхитот кон соколот како синоним на јунакот, сред примамлив раскош на пејсажот.

*6. Историска димензија на планината:*

Планините заземаат важно место во историјата на македонскиот народ. Планините се *ајдучки и комитски*, а во поновите народни песни и *партизански*. Тие во своите пазуви ги криеле борците за ослободување на Македонија од туѓите поробувачи.

Развивај, горо зелена,
и ти ле, шумо букова,
да мојш да криjеш кумити! (Ристовски, 1974: 72).

Поради тоа и поради другите благодетни својства коишто планината ги има во човечкиот живот, таа е блажена и во секое годишно време во неа врие животот, никогаш не е празна:

... ни зиме, горо, ни лете,
ни јесен, горо, ни пролет:
зиме си п'лна ем рамна,
зиме си п'лна снегови;
пролет си п'лна ем рамна,
пролет си п'лна с' дрваре,
ју лето п'лна с' овчаре
а јесен п'лна с' комите (на истото место: 36).

Планината е зборно место на борците: без оглед на тоа дали се оние од времето на Илинденското востание или од времето на востанието на македонскиот народ од Втората светска војна.

Планината и полето се одухотворени и се претставени во персонифицирана форма. Тие тажат и плачат по загинатиот јунак:

Расплакала се горота.
Горота ем планината,
И од горота дрвјата,
И од полето тревата,
Заради Делче војвода (Ц'рнушанов, 1956: 556).

Во некои планински места до денешен ден, според некои верувања и преданија, се слушаат гласови на загинатите борци, а самовилите им прават свадби на младите девојки кои го загубиле својот живот во илинденските борби не оставајќи свое потомство, а младите паднати јунаци од Мечкин Камен и Слива, земјата ги исфрлала за да ја продолжат борбата до конечната слобода на својата татковина (Вражиновски, 1992: 283-309).

*II. Блесокот на македонските езера.*

Македонскиот народ умеел своевидно да ја доживува убавината која извирала од општонародното сфаќање на поимот - убаво, како резултат на вековните естетски подбори и критериуми. Во случајов ни се наметна познатата мисла на Фјодор Достоевски: „Убавината ќе го спаси светот". Доволно е да се посети Охрид и неговата околина, со своите чудесни и свети места, кој толку многу ѝ дал на словенската култура, а со самото тоа и на европската, за да се потврди оваа мисла на Достоевски. Има едно волшебно предание кое сосема кратко, но

јасно ја поткрепува оваа мисла. Преданието е сврзано со св. Наум Охридски, кое раскажувачот го насловил „Рајско место“ (Ристески, 1990: 49), а тоа рајско место е Охридското Езеро со планините кои го опкружуваат манастирот Свети Наум. Место, кое во свеста на македонскиот човек претставува поим за раскошна природна убавина зbогатена со прекрасни дела на човекот. Во потсвеста на човекот убавината на рајот е вонземска и надвременска појава, необјаснива за разбирањето и доживувањето на земската убавина, таа е целосно идеализирана. Вредностите на убавината на Охридското Езеро добиваат поголема смисла и естетска содржина кога самиот Бог, во својот небесен рај, сакајќи да му одреди на свети Наум вечно место на живеење, не можел во рајот да му најде. Тој такво место му нашол, но не во рајот, туку на македонска земја, над Охридското Езеро - точно на местото каде што светецот го изградил својот манастир. И таму тој го вратил на вечно живеење.

А поетот Костадин Миладинов тагувајќи по својата татковина, прави прекрасна синтеза на убавината на своето родно место. Тој ќе напише:

> Тамо зората греит душата
> и с'нце светло зајвит в гората,
> тамо дарбите на природна сила
> сос с'та раскош ги растурила:
> бистро езеро гледаш белеит,
> или од ветар сино - темнеит;
> поле погледнеш, или планина,
> сегде божева је хубавина.
>
> Тамо по срце и кавал да свирам,
> с'нце да зајдвит, ја да умрам (Миладинов, 1989: 43).

Ние оваа мисла на авторот би ја преиначиле со зборовите: *вечно да живеам,* односно *вечно да живееме.*

Овде неизоставно треба да се споменат и преданијата за потеклото на името на Преспанското и на Дојранското Езеро. Првото го добило името од убавата ќерка на Самоил, Преспа[1] , а второто од името на убавата Дојрана (Вражиновски, 1995: 57-58), која не сакајќи да се потурчи се фрлила во бистрата вода на езерото. Прекрасна композиција на убавината на природата со убавината на жената, без

[1] Архив на Институтот за старословенска култура, Прилеп, К. бр. 103.

оглед на тоа, што имињата на овие езера потекнуваат од жртвата на две прекрасни жени. Езерата во народните песни, секогаш се *сребрени*, *сини* и *длабоки*, а нивните брегови *позлатени*.

Според тоа, човекот е жеден за убавина, бидејќи во неговата суштина е вроден стремежот кон убавото. Се разбира, тоа најдобро го потврдува македонското народно творештво.

*III. Сакралната, културната и историската димензија на македонските манастири.*

Планините и бреговите на езерата ги красат прекрасни манастири и цркви, сврзани со имињата на светите Климент и Наум Охридски, потоа манастирите на пустиножителите: св. Јоаким Осоговски, св. Гаврил Лесновски, манастирот Св. Богородица во близината на с. Слепче, од каде што се слушаат тажните молитви на ослепените војници на цар Самоил и манастирот на св. Прохор Пчињски, каде што во 1944 година беа удрени темелите на македонската држава по Втората светска војна, потоа манастирот Света Пречиста Богородица Кичевска, манастирот на св. Јован Бигорски и многу други манастири и цркви кои во минатото биле познати како културни и книжевни центри каде што се градела македонската религиозна и световна култура и македонскиот дух.

Според тоа, земјата на Македонците е послана со прекрасни манастири и цркви. Секој човек, со самата глетка на овие волшебни градби се воодушевува и пријатно вознемирува. И се поставува прашањето: може ли само немо да се помине покрај нив или да се влезе внатре, каде што во него ќе погледнат очите на Господа и на светците и само да се помоли или да запали свеќа и да си замине? Во тие мигови неговото срце почнува посилно да чука, а душата се чувствува облагородена, неговите очи ги забележувааат блесокот, светлината и топлината која зрачи од фрескоживописот и иконите што ги красат светите ѕидови на овие свети места. Убавината тука самата незабележливо се наметнува, го обвиткува човекот во своите одежди нежно и топло (на истото место: 8).

Во тие моменти на возвишено доживување на убавината, не е можно да не се восхитуваме на градителите на тие градби, кои ги граделе со големо умеење и развиено чувство за убаво. Нивните вешти раце и имагинација, нивниот дух, создале вистински прекрасни и истовремено единствени уметнички и архитектонски вредности.

Во македонското народно творештво имаме прекрасно пренесување на поетската мисла во пејсажни облици, со исклучителна инспирација во доживувањето на убавото, збогатено со дела на човековата дејност. Во него докрај се отвора македонската душа, со

сета своја питомост и нежност. Тоа е недвосмислен доказ за неограничените можности на македонскиот збор (Наневски, 1971: 19).

**Литература**


Вражиновски. Танас. 1970. Македонски преданија за места. Институт за фолклор: Скопје.

Вражиновски. Танас. 1992. Македонски историски преданија. Матица македонска: Скопје.

Вражиновски. Танас. 1995. Убавините на Македонија низ преданија и легенди, Матица македонска: Скопје.

Вражиновски. Танас. 1998. Народна митологија на Македонците. Соработници, Љупчо С. Ристески, Владимир Караџоски, Лола Симоска. Институт за старословенска култура, Матица македонска: Скопје.

Вражиновски. Танас. 1999. Светите Иван Рилски, Јоаким Осоговски, Гаврил Лесновски и Прохор Пчињски во македонската народна традиција. Во Народна традиција, религија, култура. Матица македонска: Скопје.

Љубовни народни песни. 1971. Избор и редакција Душко Наневски. Македонска книга: Скопје.

Македонски народни волшебни приказни. 1986. Подготвил Танас Вражиновски. Институт за фолклор: Скопје.

Македонски народни преданија. 1986. Подготвил Танас Вражиновски, Институт за фолклор: Скопје.Македонски револуционерни народни песни за Гоце Делчев, Јордан Пиперката и Питу Гули. 1974. Избор и редакција д-р Блаже Ристовски, Музиколошка обработка Ѓорѓи М. Ѓорѓиев. Институт за фолклор: Скопје.

Миладинов. Константин. 1989. Поезија, Читање на Блаже Конески. Мисла: Скопје.

Миладиновци. Димитрија и Константин. 1983. Зборник на народни песни. Под редакција на Харалампие Поленаковиќ и Тодор Димитровски. Македонска книга: Скопје.

Михайлов. Панчо. 1924. Български народни песни от Македония. София.

Обредни и митолошки песни. 1968. Избор и редакција д-р Кирил Пенушлиски. Македонска книга: Скопје

Цепенков. К. Марко. 1972. Македонско народно творештво, Преданија, 7. Македонска книга: Скопје.

Шапкарев. А. К. 1891-1894. Сборникъ отъ български народни умотворения, Кн. I-V. София.